Трајан ГОЦЕВСКИ

УДК: 304-027.511(100)
32+33+355-027.511(100)

# УНИФИКАЦИЈАТА НА ПОЛИТИЧКИТЕ, ЕКОНОМСКИТЕ И БЕЗБЕДНОСНИТЕ СИСТЕМИ, ПРЕДИЗВИК ЗА МИРОТ И БЕЗБЕДНОСТА ВО УСЛОВИ НА ГЛОБАЛИЗАЦИЈА

***Кратка содржина***

*Денес, сè почесто ја спомнуваме глобализацијата како еден современ и општ процес кој ги зафаќа сите домени на животот. Имено, глобализацијата е подеднакво политички, економски, технолошки и културен феномен. Таа претставува процес на ширење и продлабочување на општествените односи и институции во просторната и врменската димензија. Глобализацијата е процес кој условува поврзување на светот по сите основи; создава се поголема меѓузависност и опфаќа процеси на постепено унифицирање на сите системи во државите. Всушност, процесот на глобализација го сочинуваат мноштво политички, економски, културни, безбедносни и општествени појави кои ја зголемуваат интеракцијата помеѓу државите и општествата, кои од ден на ден светската цивилизација ја прават поглобална, поповрзана, информирана, транспарентна и подостапна за сè поголем дел граѓани.*

*Трудов што го претставуваме пред пошироката јавност, претставува анализа на досегашните состојби во политичките, економските и безбедносните системи на земјите кои настанаа како резултат на процесот на глобализација, а кои во ниту еден момент не можат да ја одминат Република Македонија.*

***Клучни зборови:*** *ГЛОБАЛИЗАЦИЈА, УНИФИКАЦИЈА, ПОЛИТИЧКИ СИСТЕМ, ЕКОНОМСКИ СИСТЕМ, БЕЗБЕДНОСЕН СИСТЕМ.*

## Вовед

Веков го започнавме со констатации дека светот воопшто е променет и продолжува да се менува. Дел од промените ги гледаме и можеме да си дадеме објаснување за нив, а за дел од промените кои ни се случуваат едноставно поминуваат околу нас а ние за нив или немаме одговор или не ги препознаваме.

Најчесто зборуваме за изменети политички економски, безбедносни, културни, конфесионални и др. состојби во светот, кои од ден на ден светската цивилизација ја прават поглобална, поповрзана, информирана, транспарентна и подостапна за се поголем дел граѓани.

Алатките и инструментите преку кои се одвивал овој процес, со векови наназад, биле различни, по содржина, по целта која актерите сакале да ја постигнат, динамиката која била дозирана, по опфатот на териториите кои се поврзувале, народите кои биле вклучени и сл.

Така во една фаза процесот на поврзување биле освојувачките војни, во друга тоа била трговијата, потоа била индустријализацијата, потоа технолошката револуција, па информатизацијата, потоа развојот на космичката технологија итн.

Едни автори ќе заклучат дека процесот на развој и поврзување на денешниот свет, кој го нарекоа и глобално село, се должи на развојот на науката, на технологијата, на културата и на рационалната мисла во Европските развиени земји.

## 1. Поим и дефинирање на глобализацијата

Терминот глобализација поинтензивно запопчна да се употребува од средината на втората половина на 20-от век. Набрзо неможеше да се замисли ниту една дебата за: бизнис плановите на мултинационалните компании, дебата на самитите на светските лидери, дебата на создавачите на културните вредности, дебата на верските водачи и сл. на која не се започнува и не се завршува со глобализацијата како тренд кој ги заплиснува сите земји во светот и од сите агли на гледање, политичките, економските, културните, еколошките, безбедносните, верските, глобалните закани за сигурноста на граѓаните и сл.

Во принцип поимот глобализација влече корени од зборовите: global; globalization, од англиското јазично пдрачје, што означува светски, глобален, општ; globalisiezung, од германското јазично подрачје, кој исто означува општ, светски, глобален, и globaleauh i mondialization од француското јазично подрачје, кои исто така означуваат општ, глобален, светски процес.

Како што вели Е. Гиденс „глобалното ширење на зборот глобализација е доказ за самиот развој на кој што се однесува тој. Тој дојде од некаде за да биде речиси насекаде“

И овде се поставува прашањето што е, всушност, глобализацијата?

Најкратко речено, најголем дел од авторите под поимот глобализација подразбираат: процеси на поврзување на светот по сите основи; создавање на сè поголема меѓузависност во светот и процеси на постепено унифицирање на системите во државите опфатени во тој процес.

Според тоа базата на процесот на глобализација во принцип е: поврзана или светска капиталистичка економија; систем на национални држави со пренесени делови од својата сувереност; светски безбедносно воен систем или поредок и меѓународна поделба на трудот.

Од аспект на овој труд, нашиот интерес е насочен само кон еден сегмент на процесот на глобализација кој немилосрдно го заплиснува целиот свет денеска, а тоа е процесот на унификација на системите и нивното влијание врз мирот и безбедноста.

Со оглед на фактот што процесите на глобализација се општи и ги зафаќаат сите домени на животот, како што вели Ентони Гиденс, глобализацијата е подеднакво, политичка, економска, технолошка, културна, итн. а ние ќе се осврнеме само на процесите на унификација на политичките, економските и безбедносните системи.

## 2. Унификација на политичките системи

Иако денеска чекориме во првата деценија од 21-от век, со милениумски традиции во политичкото организирање на народите, сепак, сè уште ниту од далеку не сме во состојба да зборуваме за заокружен процес кој исфрлил на површина политички систем кој може да послужи за пример во политичкото организирање.

Тоа е затоа што политичкиот систем претставува реална состојба во една држава на утврдени односи помеѓу носителите на власта и општеството, со структуирани институции, со севкупноста на политичките односи и политичката дејност на партиите, општествените организации, здруженијата на граѓаните, државните институции, невладините организации, традициите, политичката култура итн.

Иако навидум изгледа едноставно да се дефинира и да се сфати поимот политички систем на една држава, вистината е сосема поинаква. Имено, се работи за структура и односи на граѓани, политички партии, државни институции, невладини организации, здруженија на

граѓани, традиција, политичка култура, историски околности, опкружување и сл. Политичкиот систем се манифестита во разни форми и содржини низ динамични политички процеси, појави, односи и институции.

Секој политички систем ги изразува интересите и потребите на владеачката класа, на партиите, и односите на политичките сили во конкретна историска состојба, со сите специфики што ги има секоја земја.

Дополнителен проблем се јавува и како резултат на настојувањата на владеачките структури, партиите и сл. по секоја цена да ја спроведуваат својата идеологија, својата програма, да ја глорифицираат организацијата и структурата на власта и начинот на управување со државните работи според нивната програма, што ги ограничува иницијативите за конкуренција на програмите и развојот на демократските процеси.

И овде се поставува прашањето, како да се водат процесите на унификација и поврзување на политичките системи во регионите, во светот воопшто, во процесот на глобализација, а притоа да не се нарушува мирот и безбедноста на граѓаните?

Најверојатни се четирите клучни прашања на кои глобалистите мора да дадат одговори, и тоа:

1. Кои ќе бидат темелните вредности врз основа на кои ќе се гради глобализираниот политички систем?

2. Кој институционален модел на демократија ќе биде преферирран?

3. Која е временската динамика, односно која временска рамка би се сметала за оптимална со цел процесот на глобализација да биде успешен?

4. Кои и дали воопшто би се предвиделе средства и методи за спроведување на процесот на унифицирање во политичкиот сектор и кои институции би го следеле тој процес?

Во врска со определувањето на темелните вредности околу кои ќе се градат, прилагодуваат, поврзуваат и унифицираат политичките системи мора да се отвори широка јавна дебата во која ќе се евидентираат вредностите за кои нема спор, или да се направи листа на вредности која ќе започне од најнеоспоруваните и ќе оди кон пооспоруваните.

Така на пример, основни вредности од кои може да започне процесот на унификација на политичките системи би биле:

- Демократијата;
- Слободата и човековите права;

- Владеење на правото;
- Пазарната економија;
- Принципот на поделба на власта;
- Повеќепартискиот систем;
- Заштитата на сопственоста;
- Социјалната компонента на државата и сл.

Што се однесува до институционалниот модел кој би се преферирал во процесот на унификација на политичките системи, станува уште посложено. Во сегашната политичка пракса се искристализирани три модела на политичка организација на државите. Тоа се: моделот на претседателски систем, моделот на парламентарен систем и моделот на мешовит политички систем како полупретседателски систем.

Иако постојат огромни дебати и дилеми, кој од овие модели е вистинскиот, со бројни забелешки на нивната ефикасност или предност, и обратно на нивната неефикасност и слабост, сепак, во процесот на глобализација постојат огромни проблеми надвор од овие модели. Така, денеска се сретнуваме со земји со развиена демократија, земји со воени режими, земји монархии од најразвиени до најсиромашни, имаме режими кои легитимитетот на власта го влечат од религиозната и верската припадност и сл.

Клучното прашање е како да се отпочне процесот на унификација на политичките системи кога огромен дел на режими опстојуваат токму врз основа на други вредности кои се далеку од демократијата и почитувањето на човековите права и слободи. Или уште поконкретно, како да се направи тоа без да се наруши мирот и безбедноста кај тие држави и во регионите пошироко. Одговорот на ова прашање, ниту од далеку, неможе да биде оптимистичен.

Што се однесува за динамиката на таквите процеси, мора да се има во вид дека се работи за најсложени процеси кои мора да имаат долгорочен карактер. Во спротивно, процесите на избрзана или наметната унификација би воделе кон нови судири и нарушувања на регионалната безбедност и мир.

Моето мислење е дека процесите на глобализација треба да се одвиваат во етапи, по региони и по одделни прашања за кои нема висок степен на конфронтација. Така зборуваше Семјуел П. Хантингтон за процесите на демократизацијата. Тој велеше дека демократијата надоаѓа како голема вода во бранови. Првиот бран започна со Американската револуција продолжи со Француската и траеше се до првата светска војна околу 150 години.

Вториот бран кој траеше околу 50 години, се појави со деколонизацијата по втората светска војна и отвори врата на новите европски и светски демократии.

Третиот бран се појави кон средината на седумдесетите години и ги опфати Португалија, Грција, Шпанија, Л. Америка, а потоа и Централна и Источна Европа.

Најверојатно и процесот на унификација на политичките системи ќе се одвива во бранови по принципот на надојдена вода.
Во врска со обезбедување на средства, методи и институции кои би го канализирале процесот на унификација, мислам дека е неопходно да се посочат институциите кои треба да се ангажираат на овој можеби најсложен но и најпосакуван процес. Можеби во една фаза треба да се оформи агенција или слично тело на ООН задолжено за процесите на глобализација.

### 3. Унификација на економските системи

И додека во политичкиот дел процесите на глобализација и унификација се сеуште во фаза на дебати и критики, во економскиот дел процесот се одвива тивко со сè поширок опфат и со динамика во одделни сектори на која можат да и завидат и најголемите оптимисти.

Бидејки во основа процесот на глобализација опфаќа поврзување, поголема меѓузависност и унификација на националните економии во светски размери, се поставува прашањето како започнаа и како се одвиваат овие процеси денеска во светот?

Процесите на поврзување на економиите започнуваат многу одамна а се интензивирале по откривањето на поморските патишта, новите континенти и новите производи кои станале предмет на размена и трговија. Но за вистинско поврзување и интеграција на економиите можеме да зборуваме со појавата на индустријализацијата во 18-от век кога веќе почнало да се зборува за интернационализација на производството и за трговија со стоки кои добиле меѓународно значење.

Според тоа процесот на ѓлобализација во економскиот сектор се одвивал во два меѓусебно поврзани процеси и тоа: глобализација на производството и глобализација на пазарите.

Успехот на глобализацијата на производството се темели на економската реалност, компаниите потпирајќи се на националните разлики на трошоците и квалитетот на факторите на производство

до крајни граници да ги смалуваат трошоците за производство, а со тоа да остваруваат конкурентност и високи профити. Овој процес особено ги забрза процесите на глобализација по втората светска војна кога дојде до либерализација на надворешно трговската размена на индустриските производи. Потоа дојде до либарализација и на движењето на капиталот низ формата на директни странски инвестиции, кое уште повеќе ги засили процесите на интегрираност на светската економија. Потоа неминовно почна да се одвива и процесот на глобализација на пазарите.

Сите овие процеси овозможија појава на крупни компании кои креираа производи и услуги на глобалниот пазар, и тие се познати како „транснационални компании".

Во последните неколку децении, особено по 80-те години, на сцена е уште еден феномен на поврзување на економиите по регионалниот принцип. Со тоа глобализацијата во економијата добива мултиполарни карактеристики. Оваа тенденција придонесе денеска да се издиференцираат три региони кои доминираат во светското производство и во меѓународната трговија.

Денес можеме со сигурност да заклучиме дека најдоминатното место го имаат трите регионални економски групации, и тоа:

1. Земјите од северноамериканската зона за слободна трговија (НАФТА);
2. Земјите на Западна Европа интегрирани во ЕУ; и
3. Земјите од Југоисточна Азија.

За илустрација до каде е отиден процесот на интеграција на овие 3 групации на земји ќе се послужиме со неколку индикатори: имено, денеска тие создаваат 62% од светското индустриско производство; учествуваат со 77% во вкупниот обем на меѓународна трговија; а во меѓународното движење на капиталот учествуваат со над 67%.

До каде е отидено со поврзувањето на националните економии во процесот на глобализацијата може да послужи и овој индикатор. Вредноста на автомобилската индустрија во САД како една од водечките се создава на следниот начин: за да се произведе еден американски автомобил учествуваат околу 9 држави; 37% од вредноста се реализира во САД; 30% во Ј. Кореја; 17,5% во Јапонија; 7,5% во Германија; 2,5% во Англија; 1,5% во Ирска и Барбадос итн.

Моторот на економската глобализација денес, сепак се транснационалните компании чиј број денеска се проценува на над 60.000, кои пак имаат над 500 000 афилијации во целиот свет.

Ако овде ги поставиме четирите клучни парадигми за унификација на еконосмите системи во услови на глобализација, како што направивме и за унификацијата на политичките системи, одговорите се сосема пооптимистички: Имено, прашањата се:

1. Кои би биле темелните вредности или принципи врз основа на кои ќе се врши унификација на системите?

2. Кој е моделот врз основа на кој би се прилагодувале системите на националните економии?

3. Која би била временската рамка за овој процес да се смета за рационално воден?

4. Дали се предвидени средства, методи и институции кои би го следеле и насочувале процесот на унификација на системите на националните економии на земјите од светот.

Кога станува збор за првото прашање, економски кажано е дека постои висок процент на согласност помеѓу теоретичарите но и помеѓу бизнис групациите за основните темелни економски вредности околу кои се врши унификација на економските системи. Без претензии да ги наброиме сите, основните би биле:

- Пазарна економија;
- Слободно движење на стоките, добрата, услугите и капиталот на светскит пазар;
- Заштита на сопственоста;
- Стабилен монетарен систем;
- Стабилна даночна политика;
- Стабилни царински системи;
- Слободен пазар на работната сила итн.

Што се однесува до моделот кој е најприфатлив за прспособување на националните економски системи и тука може да се каже дека носечките економски групации во принцип ги прифатија моделите на Класичната капиталистичка и либерална економија со разни модификации, но кои во основата се идентични.

Во овој дел мора да се напомене дека, во последните неколку децении на глобалниот пазар се појавуваат нови играчи кои настојуваат по секоја цена да обезбедат свое неприкосновено место, и тоа во некои сектори успешно го направија, а сепак нивните економски системи почиваат на други принципи од системите на високо развиените држави. Такви пред сè се: Кина; Русија: Индија; Пакистан; Малезија и некои држави од Јужна Америка. Најверојатно процесите на унификација во овој дел од светската економија ќе имаат сериозни проблеми и таму треба да се очекува подолг рок на приспособување.

Кога се зборува за временската рамка во која процесот на унификација би дал задаволителни резултати, мора да се заклучи дака во изминатиот период најдалеку е отидено во унифицирањето на економските системи, особено на земјите опфатени во респомнатите три групации, НАФТА; ЕУ и Земјите од Југоисточна Азија со Јапонија како носечка економска сила. Но кога се прашуваме, за кој период тоа е постигнато, одговорот може да биде загрижувачки, бидејќи овој процес се одвива неколку века. Охрабрувачки е што најголем дел од промените се направија во 20-от век а најдинамично во поледните 5 децении. Тоа не охрабрува дека во иднина процесот на глобализација на економијата ќе оди уште побрзо и тоа како резултат на метеорскиот развој на информатиката и информатичките системи, комуникациските технологии, транспортот, и сл. кои овозможуваат водење на бизнис од едно место со било која земја во светот и тоа во исто време.

За прашањето дали постојат средства, методи и институции кои ја следат и насочуваат глобализацијата на економијата и посебно унификацијата на националните економски системи на земјите, одговорот е позитивен и во овој домен работите се отидени најдалеку.

Постојат огромни фондови со изградена методологија за потпомагање, канализирање, вреднување, насочување, и следење на светските економски токови. За тоа постои огромна литература, светска статистика и светски публикации кои несомнено ги прикажуваат позитивните и негативните бранови на глобализацијата кои неприкосновено денеска ги заплиснуваат сите економии во светот.

Исто така, во овој домен е отидено најдалеку во потпишувањето на меѓународни спогодби и договори за кои речиси денес и нема некоја поважна економска гранка која не е опфатена со нив. Без претензии да ги напомнеме сите нив, само ќе наведеме дел од таквте акти: Меѓународни спогодби за житарици, за кафе, за какао, за калај, за каучук, за поштенски услуги, за телекомуникации, за заштита на индустриска сопственост, за цивилна воздушна пловидба, за меѓународен друмски сообраќај, за поморки сообраќај, Меѓународната трговска организација, Општата спогодба за царини и трговија, Светската трговска организација, Општата спогодба за трговија со услуги, Спогодба за трговија со интелектална сопственост, ММФ, Светската Банка итн.

Постојат и стотици спогодби и договори склучени помеѓу земјите членки на трите најголеми економски групации но за нив во некоја друга пригода.

Од аспект на овој труд, се поставува прашањето, дали процесите на унификација на економските системи можат да доведат до одредени конфронтации кои можат да бидат закана за мирот и безбедноста и тоа за светскиот или регионалниот? Иако е тешко да се да се даде прецизен одговор на ова прашање, сепак одговорот е позитивен, што значи дека процесите на глобализацијата на светската економија во многу сегменти го вознемирува светот и предизвикува реални безбедносни ризици. Без претензии за целосен одговор на ова прашање, само ќе посочам некои предизвици кои ги носи новиот светски економски поредок а кои можат да станат или се закана за мирот и безбедноста во светот. Такви би биле:

– Како да се намали јазот помеѓу високоразвиените земји и сиромашните и како да се живее во глобална унифицирана економија во која има земји чии жители имаат доход од 1 долар дневно по жител, а најразвиените 180 долари по жител дневно, и сите да живеат хармоничен бесконфликтен живот.

– Како да се урамнотежи користењето на ресурсите бидејќи денеска 28-те развиени земји учествуваат со 15,5% од населението а располагаат со 57,4% од БОП и со над 80 % во светската трговија.

Седумте најразвиени земји пак учествуваат со 11,6% во светската популација а располагаат со 45,8% од БОП и со над 50% од светската трговија.

Наспроти нив Земјите во развој (128) учествуваат со 77,7% во населението а располагаат само со 36% од БОП и со едвај 18% во светската трговија.

Како да дојде до урамнотежување на движењето на капиталот со што преку директните странски инвестиции ќе се смалува јазот помеѓу развиените и неразвиените земји во услови на глобална економија. Имено, податоците зборуваат дека учеството на директните странски инвестиции по региони или економски групации е следно: Развиени замји 68%; Земјите на ЕУ 34,6 %; САД 20,9% ; Африка 1,9%; Латинска Америка 10,9%; Азија 17,2% ; Централна и Источна Европа 1,8% и сл.

Следното прашање на унификацијата е како ќе се одвива процесот на приближување на цената на работната сила која има драстични разлики од земја до земја а кои рамноправно учествуваат во светската теговија на стоки и услуги (на пример Кина која станува водечка сила во извозот, има цена на трудот од 15–20 долари месечно, а втората или досега прва извозна сила Германија има цена на трудот од околу 4-5 000 долари месечно, или разликите во цената на трудот помеѓу работниците од Северна и Јужна Кореја, или цената

на трудот во Бугарија, Романија, Полска и останатите членки на ЕУ). Дали ваквата амплитуда во цената на работната сила не внесува извор на конфликт односно ризик и за безбедноста. Секако дека тоа може да биде безбедносен ризик во поширока смисла на зборот.

Останати економски прашања кои можат да бидат извор на загрозување на мирот и безбедноста би биле: Користењето на енергетските извори кои не се обновливи; Користењето на слатководните водени ресурси; Контролата врз глобалните информатички системи и технологии; Контролата и искористувањето на космосот и космичката технологија; Доминацијата во производството на новата напредна технологија во сите економски сектори и сл.

### 4. Унификација на безбедносните системи

Ако тргнеме од општата премиса дека глобализацијата како општ процес претпоставува поврзување меѓусебна зависност и унификација на националните системи, тогаш логично се поставува прашањето дали овие премиси важат или дали овие процеси можат да се имплементираат и во секторот за безбедност?

Без сомнение одговорот е позитивен, процесите не само што се потребни туку се и неопходни, а динамиката ја диктираат факторите и настаните кои со ненамалено темпо притискаат подеднакво на сите делови од светот.

Но, пред да одговориме на четирите прашања за процесот на унификација на безбедносниот сектор, ќе се обидеме да ги дефинираме основните поими на ова по многу нешта сложено прашање. Имено, развојот на безбедноста и нејзиното оформување како систем укажува на еден сложен и динамичен сегмент на политичиот систем на државите кој подеднакво се однесува на граѓаните, на државата, на општеството, но и на поширокката заедница – светот, бидејки од ден на ден, безбедносните закани и безбедносните ризици се појавуваат секаде и во секое време без исклучок.

Со оглед на фактот дека безбедносните појави функционираат по принципот на сврзани садови денеска е невозможно таа да се лоцира и да се практикува само во една земја, само за една група граѓани или само за некој поединец, туку напротив таа треба да се разбере како индивидуална, национална и меѓународна безбедност.

Индивидуалната безбедност се однесува на секој поединец и таа подразбира, во услови на демократски амбиент, владеење на правото, почитување на човековите права и слободи, при функцио-

нирање на цивилното општество и слично, на граѓанинот да му се обезбеди заштита на личниот интегритет, слобода на избор, економски и општествен статус, обезбедување на сите неотуѓиви права, безбедно вработување и работа, образование, заштита на имотот итн. Во последно време се заговара концептот на хуманата безбедност кој всушност треба да одговори на потребата, колку граѓаните се безбедни и слободни во своите држави.

Националната безбедност е функција на секоја држава и таа во основа треба да одговори на сите безбедносни предизвици и ризици и да обезбеди слобода на граѓаните, државата и општеството во целина, суверенитетот и територијалниот интегритет во рамките на меѓународните аранжмани прифатени од државните органи, човекови права и слободи, политичка и социјална стабилност на државата, стабилен економски развој, функционирање на правната држава, заштитата на имотот на граѓаните и на државата и сл.

Меѓународната безбедност по принцип се засновува на договорена соработка и обезбедена согласност од безбедносните структури на државите и таа треба да обезбеди сите членки на меѓународната заедница како целина да се чувствуваат безбедни, односно, да постојат такви односи, механизми и структури кои на државите би им овозможиле бебедност, односно, услови за елиминирање на сите видови безбедносни закани со кои би се соочиле државите.

И овде би ги поставиле четирите услови од кои би зависел процесот на унификација на безбедносните системи во услови на се поголем притисок за глобализација на овој сегмент, предизвикан од се поизразените глобални закани и ризици на кои не е можно да им се спротивстават само системите за национална безбедност на земјите.

Четирите прашања за овој сектор би биле:

1. Кои се темелните прашања и заедничките безбедносни ризици за кои може да се постигне согласност за унификација на безбедносните системи на земјите?

2. Кој е моделот кој би можел да биде прифатен како основен за процесите на прилагодување на националните системи за безбедност?

3. Која е временската рамка за динамизирање на процесите на унификација и за нивно приведување до крај?

4. Постојат ли средства, методи и институции кои би го следеле и насочувале процесот на унификација на безбедносните системи на земјите или пак на делови од нив?

### 4.1. *Темелни прашања за унификацијата*

Што се однесува до темелните прашања за кои би постоел висок степен на консенсус за обединување и унифицирање на силите, средствата, тактиките и техниките за борба против глобалните закани, мислам дека веќе се издиференцирани поголем број од нив, како што се:

- тероризмот;
- ролиферација на оружје за масовно уништување;
- регионалните конфликти;
- распаѓање на држави; и
- организираниот криминал.

Исто така и ООН ги дефинира клучните закани на глобално ниво во кои спаѓаат:

- меѓудржавни конфликти;
- сиромаштија, инфективни болести и деградација на животната средина;
- внатрешно насилство, вклучувајќи и граѓански војни, геноцид, етничко чистење и распаѓање на држави;
- оружје за масовно уништување, вклучувајќи хемиско, биолошко, радиолошко и нуклеарно оружје;
- тероризам; и
- транснационален организиран криминал.

Иако вербално постои согласност за заедничка акција на овие, но и за многу други безбедносни појави, сепак во конкретните активности во разни региони или во разни држави тие појави се третираат на сосема поинаков начин па дури и се потпомагаат. Исто така, настануваат проблеми кога се испреплетуваат геополитичките и геостратегиските интереси на моќните држави кон еден регион или држава. Во такви случаи не само што не е можна заедничка акција за елиминирање на безбедносните закани и ризици, туку има потпомагање од една или од друга страна. Така на пример, додека од една страна одредена појава се третира како глобална закана по мирот и безбедноста, од друга страна истата појава се третира како света борба за постигање на највозвишени цели за својата нација – воени интервенции од едната страна да се сметаат како окупација, поробување и сл. а од другата како имплементација на мир и демократија.

Понатаму, при извршување на терористички напади во кои директните извршители се самоубиваат, во западните општества се сметаат за нешто најбесмислено насочено против човековите права и слободи во кои правото на живот е најосновно и скоро неприкосно-

вено, додека во дел од земјите на Блискиот Исток и Југоисточна Азија, тоа се толкува како чин од највисок ранг, особено од страна на радикалните религиозни групи. Затоа процесот на унификација на безбедносниот сектор мора да се одвива постепено, дел по дел, помеѓу земји кои за тоа имаат согласност, потоа регионално, и на крајот на глобално ниво.

Кога станува збор за преферирање на модел кој би бил прифатен како можен за прилагодување, тука работите се многу пословжени. Имено, за што станува збор? Иако безбедносните појави и оргнизацијата за заштита од разни извори на загрозување на безбедноста се исти или слични особено за земјите од исти регион, па може да се рече дека и организацијата на бебедносните системи, силите, средствата и методите за борба против криминалот и другите безбедносни ризици се исти или слични, кога станува збор за унифицирање на системот за безбедност, кај секоја земја и кај секоја нација има одредена доза на претпазливост, недоверба, страв од злоупотреби, можност за свртување на работите во несакани насоки и сл.

Оттука, моето мислење е дека треба да се оди дел по дел постепено, селективно, само за одреден вид закани, па како довербата меѓу службите ќе расте така и процесот на унификација ќе добива во динамика.

Ваквиот став може да го потврди и досегашното функционирање на одредени делови од безбедносниот сектор во услови на глобализација на заканите, како што е Интерпол, СЕКИ центарот со седиште во Букурешт каде државите од Југоисточна Европа ги обединуваат информациите за сите облици на криминал и тероризам, ЦЕИ и други.

Погоре изнесениот став во принцип дава одговор и на следното прашање околу временската рамка и временската динамика за одвивање на процесот на унификација, процес кој во основа би резултирал во поефикасен безбедносен систем и во поголема безбедност за граѓаните, државите, регионите и светот воопшто. Имено, сè мора да се одвива постепено од познато кон непознато, дел по дел, како што созреваат условите. Секои присилувања на решенијата без целосен консензус на држвите и нивните безбедносни структури може негативно да се одрази на динамиката на процесот на глобализација кој неможе да го заобиколи и овој сектор.

Позитивен би бил одговорот и на прашањето дали постојат средства, методи и институции кои го следат, го насочуваат и го помагаат процесот на унификација на безбедносните системи во услови на општиот процес за глобализација. Последниве децении, за

борба против одредени закани по обезбеденоста во регионален или во поширок контекст, издвоени се, и сè уште, сè повеќе, се издвојуваат огромни средства од страна на Владите на тие држави.

Исто така, изградена е и методологија за постапување во различни услови кога е загрозена безбедноста, постојат пропишани правила и средства кои се применуваат и изграден е систем на размена на информации како услов за успех во борбата против сите безбедносни закани и ризици.

Постојат и повеќе регионални и глобални организации кои работат на елеминирање на глобалните закани по безбедноста на сите држави. Во овој сегмент, регионалното поврзување и регионалната соработка во секторот на безбедноста дава исклучителни резултати, доколку почива на истрајни намери и долгорочни интереси на земјите кои ја сочинуваат таа институција, или друг облик на интеграција.

## Заклучок

Светот денеска е заплиснат со процесите на глобализација во сите области на животот, при што дел од тие процеси се одвиваат видливо со наше директно учество и влијание, а дел од нив се одвиваат како општ процес независно од нашите ставови, мислења и делувања.

Процесот на глобализација во основа ги опфаќа чекорите на поврзување на светот во едно т.н. глобално село, потоа создавање услови на сè поголема меѓузависност помеѓу системите, државите, регионите и светот, како и унификација на сите системи на државите кои се вклучени во тие процеси.

Процесите на глобализација неможат да ги заобиколат ниту политичките, ниту економските ниту безбедносните системи, единствено се работи во кој обем и со која динамика тие ќе се реализираат.

Со оглед на големите разлики во економската развиеност на земјите и регионите, различниот степен на сегашна поврзаност, различните сваќања за демократизацијата и остварувањето на човековите права и слободи, различните култури и традиции, различната верска прпадност и нивната меѓусебна толеранција и т.н. процес на глобализација и унификација на системите помеѓу државите се уште предизвикува и во иднина ќе предизвикува услови за нови закани по бебедноста и одбраната на земјите.

Степенот на ризици по безбедноста ќе се однесува правопропорционално со степенот на согласност помеѓу сите земји за динамиката и опфатот на унификацијата, што значи поголема согласност и прилагодена динамика, помал интензитет на безбедносни закани и ризици, и обратно: унифицирање без консензус со одлука на една страна, која секогаш ја застапуваат помоќните држави, и неусогласена динамика на глобализацијата, ќе носи повисок степен на ризик од закани по безбедноста и одбраната на земјите.

(Рецензент: *проф. д-р Зоран Нацев*)

## ЛИТЕРАТУРА

1. Ванковска Б., *Полиишчки сисшем*, Бомат Графикс – Скопје, 2007.
2. Гиденс Е., *Забеѓан свеш*, Филозофски факултет – Скопје, 2003.
3. Гоцевски Т., Бакрески О., *Полиишчкиош и економскиош сисшем и одбраната на Македонија*, Филозофски факултет – Скопје, 2005.
4. Гоцевски Т., Бакрески О., Славески С. *ЕУ низ ūризмаша на Евроūскаша безбедносш*, Филозофски факултет – Скопје, 2007.
5. Кикеркова И., *Меѓународна економија*, Економски факултет – Скопје, 2003.
6. Николоска Н., *Македонија во глобализацијаша*, Економски факултет – Скопје, 2004.
7. Попов Д., *Глобални закани*, ИК Вулкан 4, Софија, 2007.
8. Фити Т., *Економија*, Економски факултет – Скопје, 2007.
9. Kallinikos A., *The new mandarins of American power*, Copyright at. Callinikos 2003.
10. Група автори: *Меѓународни односи*, Факултет за политички знаности – Загреб, 2003.

Trajan GOCEVSKI

## UNIFICATION OF POLITICAL, ECONOMIC AND SECURITY SYSTEMS, CHALLENGE FOR PEACE AND SECURE ON CONDITIONS OF GLOBALIZATION

**Summary**

*Today, we advert to globalization very often, like a modern and general process, that refers on every field in life. Namely, the globalization is equally political, economic, technological and cultural phenomenon. The globalization is a process for spreading and deepening society relations and institutions in spacious and time dimension. It is a process, which connects the world on all basics; creates bigger interdependence and comprises processes on progressively unifications of all systems at the states. Actually, the process of globalization is composed by many political, economics, cultural, securities and socials phenomenon. These phenomenons's increasing the interaction between the states and the society, from day to day, making the world civilization much global, much connected, unformatted, transparent and much available for more citizens.*

*This work, which we represent in public, is a result of last analysis of political, economical and securities systems in the states that had begun because of globalization process, and they also refers to Republic of Macedonia.*

***Keywords:*** *GLOBALIZATION, UNIFICATION, POLITICAL SYSTEM, ECONOMIC SYSTEM, SECURITY SYSTEM.*